**ОБРАЗЕЦ ЗА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
за организации поддржани од ФООМ во 2021 година
во стратешките области

**ОРГАНИЗАЦИЈА: Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ – СКОПЈЕ**

**ПЕРИОД ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ: 01.04.2021 – 31.12.2021**

Име: Ирена Цветковиќ Потпис:________________________________________

Дата: 31.12.2021

Печат

Ве молиме, пополнете ја табелата со информации кои се однесуваат само на **периодот кој е предмет на известување.**

| Активности | Кога е реализирана | Резултати / продукти | Индикатори на успех |
|---|---|---|---|
| 1.1.Застапување за воведување на програми за обука и за развој на капацитетите на јавните институции за работа со МЗ; | Септември 2021 | Потпишан Меморандум за соработка со Биро за развој на образование врз основа на кој ќе продолжи соработката во следните две години. Меморандумот ги опфаќа следните активности на Маргини во соработката со БРО:<br><br>- Заедничко зајакнување на капацитетите за спречување и заштита од родово-засновано насилство и дискриминација во образованието преку обуки за имплементација на *Упатството за процесот на пријавување и заштита на ученик-жртва од која било форма на насилство, злоупотреба и занемарување*, за претставници од државните институции во рамките на националниот образовен систем.<br><br>- Соработка за креирање и акредитација на модул за обуки за родово-засновано насилство и дискриминација за наставниците во рамки на БРО.<br>- Унапредување на правната рамка и на содржините во образованието со цел промоција на еднаквоста и на различностите по повеќе основи, согласно надлежностите на БРО.<br>- Други активности за кои страните заеднички | Меморандум со БРО |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ќе се договорат, а имаат за цел демократизација и унапредување на основното и средното образование, промовирање на еднаквоста, превенција и заштита од различни форми на насилство и малтретирање. | |
| 1.2.Следење на работата на јавните институции со МЗ и следење на работата на механизмите за заштита на човековите права; | Април – Август 2021 | Мобилизирање и учество во заедничка изјава со 137 останати организации од земјите на поранешна Југославија против сексуалното насилство на интернет (за случаите со Јавна соба во РС Македонија и останатите земји од регионот).<br>Во Мај и Јуни 2021 активно усчествувавме во организирањето на протестите за случајот Јавна Соба, испративме 2 соопштенија со барања до ОЈО и МВР за итно постапување по случаите. Дополнително, дававме правна помош, но и помагавме на жртви со пристап до правна и психо-социјална поддршка кај други граѓански орагнизации.<br><br>Координирање на работната група за Законот за родова еднаквост и креирање на предлог амандмани и решенија за подобрување на предлог законот. Состаноците со работната група се одвиваат тековно и во овој период на известување. | Коалиција МАРГИНИ \| ЗАЕДНИЧКА ИЗЈАВА НА ЖЕНИ-АКТИВИТСКИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ОД БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН ЗА РОДОВО-ЗАСНОВАНОТО НАСИЛСТВО НА ИНТЕРНЕТ (coalition.org.mk)<br><br>судски се води 1 случај за 2 жртви |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 28.05.2021 | Во соработка со ЛГБТИ Центарот за поддршка организирана работна средба за креирање на Акциски план за работа 2021-2023 на Интерпартиската парламентарна група за унапредување на ЛГБТИ правата во Собранието на Република Северна Македонија. Драгана Дрндаревска беше ангажирана како една од експертките за изготвување на предлог активности за групата. На работната средба беа присутни следните пратеници: Љатифе Шиковска СДСМ, Маја Морачанин ДОМ, Велика и Гордана Сиљановска Давкова од ВМРО ДПМНЕ, Љупчо Пренџов од ГРОМ. Во периодот на известувањето Акцискиот план беше усвоен од страна на Итер групата, а за заменик координатор на групата беше назначен пратеникот Тимчо Муцунски од ВМРО ДПМНЕ | |
| | 05 Јуни 2021 | Како дел од програма на ЛГБТИ Центарот за поддршка, претставнички на Коалицијата беа ангажирани како предавачки на обуки за подмладокот на СДСМ. На обуките имаше 17 приустни а Наташа Бошкова, Драгана Дрндаревска и Елена Петровска одржаа обуки | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | за Правното призавање на родот, еднаквоста и дискриминацијата и застапувањето за унапредување на ЛГБТИ права. | |
| | 18-20 Јуни 2021 | На покана на Фондацијата Фридрих Еберт Штифтунг – претставништво Скопје, а како дел од нивната програма за Правата на маргинализираните заедници и пристапот до образование, Драгана Дрндаревска и Елена Петровска од Коалицијата одржаа дводневни обуки за претставници на подмладокот на СДСМ (10 претставници). | |
| | Април – Јуни 2021 | Учество во организациски одбор и реализирање на Скопје Прајд 2021. Според генералната проценка на организаторите, на овогодинешниот Скопје Прајд зедоа учество околу 2.000 лица. Прајдот помина во најдобар ред, а присутни беа неколу Министри, Претседателот на државата, претставници на политичката партија ДОМ. Елена Петровска беше говорничка на прајдот. Она што беше евидентно е дека немаше присутни пратеници од Интерпартиската парламентарна група освен координаторката Маја Морачанин, која воедно беше и говорничка на Прајдот. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Август 2021 | Учество на Елена Петровска Human Rights Conference, World Pride Copenhagen каде беше присутна и делегација на пратеници од ИППГ ЛГБТИ во состав: Маја Морачанин, ДОМ, Моника Зајкова ЛДП, Снежана Калеска Ванчева СДСМ, Љупчо Пренџов ГРОМ, Тимчо Муцунски ВМРО ДПМНЕ. Морачанин говореше на панел за улогата на ИППГ ЛГБТИ во РСМ, а Моника Зајкова имаше свое излагање за правата на ЛГБТИ луѓето и нивната улога како пратеници на парламентарна средба во Парламентот на Данска.<br>За време на Конференцијата Елена Петровска оствари средба со Евро пратеничката Тери Реиннтке, Зелена Партија – Германија за процесот за побрзо донесување на Законот за правно признавање на родот. Исто така, беше остварена средба со одговорната на Одделот за сексуална ориентација и родов идентитет при Советот на Европа – Елени Цецеку, при што беше договорено да се организира средба со пратениците од македонското собрание за донесување на законот за ППР по завршувањето на локалните избори. | https://www.facebook.com/CoalitionMargins/posts/3836036616503094 |
| | | Како членки на родовата платформа се мобилизиравме околу покренување на прашањето за родов баланс на пратеничките листи за локалните избори 2021. Учествувавме во креирање на Отворено писмо и го доставивме до политичките партии. | Коалиција МАРГИНИ \| Отворено писмо до политичките партии, подносители на листите на кандидат(к)и за Локалните избори 2021 (coalition.org.mk) |
| | Октомври 2021 | Во соработка со МЗД, Блупринт групата за реформи во правосудство и Мрежата за антикорупција | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | организиран состанок кај Јавниот обвинител со цел да се укаже на непостапувањето на ЈО во случаите на говор и дела од омраза, родово базираното насилство, климатските прашања. Договрено е во индина да се организираат тематски средби со цел напредок во оваа област. | |
| | Ноември 2021 | На 29 ноември организиран протест пред Јавното обвинителство заради непостапувањето во случаите на дела од омраза кон ЛГБТИ лицата во соработка со Националната мрежа против хомофобија и трансфобија. Поттикот за протестот беше Известувањето кое што го прати ЈО до ЛГБТИ центарот за поддршка каде се наведува дека обвинителството нема можност за постапува за напад случен пред 7 години заради тоа што МВР нема техничка опрема за препознавање на сторителите. | (2) Facebook |
| 1.3.Мапирање на сојузници и воспоставување на соработка и редовно известување; | | Коалицијата е членка на националните мрежи: Родова платформа, Национална Мрежа против хомофобија и трансфобија (членки на Генерален Секретаријат), Мрежа за заштита од дискриминација. Членки сме на Drug Policy Network of South East Europe, на ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена, каде активно учествуваме поединечно и како организација и во ERA – LGBTI Association for Western Balkans and Turkey. Меѓународно сме членки на ILGA Europe | Коалицијата е членка во 7 различни национални и меѓународни мрежи и платформи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | каде редовно известуваме за Годишниот извештај за состојбата со правата на ЛГБТИ луѓето и Enlargement review во однос на состојбата со ЛГБТИ правата. | |
| | Декември 2021 | Учество на Бриселската недела за застапување. Во рамки на оваа недела, Коалиција Маргини застапуваше пред повеќе институции (European Parliament/ selected MEPs, DG NEAR, Gender Equality Coordinators, Special Raporteurs) во рамки на ЕУ за правата на маргинализираните заедници, со фокус на ЛГБТИ и маргинализирани жени. | |
| | Октомври - Декември 2021 | Пишување придонес кон Annual review годишниот извештај за напредокот на ЛГБТИ права на ИЛГА Европа. Пишување на придонес кон Enlargement report на ИЛГА Европа | |
| | | Учество во реализирањето на најголемото истражување во регионот на Западен Балкан кое се однесува на економско-социјалната исклученост на ЛГБТИ луѓето. Дисперзијата и реализирањето на истражувањето е во соработка со ERA LGBTI Association for Western Balkan and Turkey и Светска Банка. | |
| | Октомври 2021 | Ирена Цветковиќ, извршната деректорка на Коалиција Маргини беше селектирана за стипендија од Европскиот Парламент, во рамки на програмата Sakharow Fellowship. Од 700 апликации на бранители на човекови права од целиот свет, 14 беа | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | селектирани. Во рамки на програмата, таа ја претставуваше Маргини во рамки на состаноците во Брисел, а ги зајакна своите знаења во рамки на предавањата на Глобалниот Кампус за човекови права во Венеција. | |
| | Октомври 2021 | Состанок со пратеничката Даниела Николова од СДСМ во врска со унапредување на образовните политики но и правата на ЛГБТИ луѓето. По состанокот таа се вклучува во работата на ИППГ ЛГБТИ. | |
| | Декември 2021 | На 10 декември одржан состанок со Состанок со г. Бидрон (член на Европскиот парламент) за да се разговара за состојбата со човековите права на маргинализираните заедници | |
| | Декември 2021 | Учество на извршната директорка Ирена Цветковиќ на меѓународен форум за безбедноста на жените активистки за човекови права | Solidarity is Our Only Weapon - Launch - YouTube |
| | Октомври 2021 | Учество на извршната директорка Ирена Цветковиќ на специјален подкаст за организацијата ИЛГА Европа за состојбите со човековите права во РСМ | The Frontline \| Empowering LGBTI Activism in a Changing World \| Ausha |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.4. Зајакнување на капацитетите на МЗ за препознавање на нивните човекови права, повреди, документирање и пријавување на случаи на кршење на човековите права на МЗ. | 21.07.2021 | К.Маргини во соработка со МЗД поднесува претставки. Во тек се две постапки за утврдување на дискирминација. Една од јавен интерес за учебник на Филозофски факултет, а другата против угостителски објект во Прилеп за дискирминација на Роми.<br><br>На 13.07.2021 Директна дискриминација врз основа на родов идентитет сторена врз транссексуална жена утврди Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД). Дискриминацијата е сторена преку барање на специјалистички извештај за добивање на лек и покрај уредно приложени рецепти, читање на глас на лични податоци пред трети лица и вребално вознемирување од страна на апотекарката, по доставена претставка од Маргини. Коалицијата МАРГИНИ за истиот случај се обрати и до Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за лекови, кои и прокрај забраната за дискриминација во законите од областа на здравството се прогласија за ненадлежни. Случајот беше пријавен и во Државниот здравствен и санитарен инспекторат, кој никогаш не достави одговор.<br>Жалбата до Фармацевстката комора беше отфрлена како неуредна бидејќи не можевме да го дознеме името и презимето на апотекарката, сторителка на повредата и покрај објаснувањето дека тоа не е возможно. Со тоа, Фармацевстката комора не го префрли товарот на докажување на сторителот, аптека Виола, која единствено може да го знае | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Август 2021<br><br>Октомври 2021 | идентитетот на аптекарката, застанувајќи на страна на сторителите на дискриминација. Побарано е од КСЗД да го следи спроведувањето на препораката и дополнително да пропише рок за нејзино спроведување. Доколку сторителот не ја спроведе препораката во разумен рок, ќе бараме КСЗД да покрене прекршочна постапка против аптеката Виола.<br><br>Во периодот од 01.01.2021 до 30.04.2021 документирани се следните случаи на повреда на правата.<br>Во периодот од 01.05.2021 до 31.07.2021 документирани се следните случаи на повреда на правата<br><br>Поднесена 1 претставка до КСЗД за прекршување на правата од работен однос заради родов идентитет<br><br>По поднесена претставка од страна на Коалиција МАРГИНИ, Комисија за спречување и заштита од дискриминација утврди продолжено и повеќекратно вознемирување врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана група во учебникот Социологија за трета година реформирано гимназиско образование, од страна на: авторите Ксенофон Угриновски и Трајан Крстевски, | Коалиција МАРГИНИ \| УТВРДЕНА ВОЗНЕМИРУВАЧКА СОДРЖИНА ВО УЧЕБНИК ПО СОЦИОЛОГИЈА ЗА ТРЕТА ГОДИНА (coalition.org.mk) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Декември 2021 | рецензентите Илија Ацевски, Момир Стаменковиќ и Зоран Петрушевски и Министерството за образование и наука, кое донело решение со кое се одобрува употребата на учебникот.<br><br>По поднесена претставка на Коалицијата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесува позитивно мислење и утврдува дискриминација во случајот на прекин на работен однос на трансродово лице врз основ на родовиот идентитет.<br><br>Учество во реализрацијата и промовирањето на нова платформа за пријавување на говор и дела од омраза врз ЛГБТИ луѓето во соработка со ERA – LGBTI Association for Western Balkans and Turkey и Stounwall UK<br><br>Спроведени четири обуки за документирање во Гостивар, Тетово, Делчево и Св. Николе.<br><br>Документирани случаи:<br>Во периодот 01.08 - 30.11.2021 евидентирани се следните прекршувања на човековите права на МЗ<br><br>Обебзбедена правна помош со застапување во следните случаи:<br>1. Застапувани две транс сексуални работнички во граѓанска постапка за заштита на нивното право на приватен живот против Канал 5 и уредникот на емисијата. Понесена е | Коалиција МАРГИНИ \| УТВРДЕНА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА КОН ТРАНСРОДОВ МАЖ ОД СТРАНА НА РАБОТОДАВАЧ (coalition.org.mk)<br><br>You Are Heard \| (you-are-heard.org) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | жалба до апелација против одлуката на Основен граѓански суд со кој се одбива како неоснована тужбата, а откако Апелационен суд ја потврди првостепената одлука поднесена е жалба до ЕСЧП.<br>2. Застапувани две жртви на родово-базирано насилство на интернет од страна на бивш партнер. Поведена постапка пред ОЈО Гевгелија, застапувани пред ОЈО, поднесени ургенции и претставки до Совет на јавни обвинители и Вишо јавно обвинителство за непрофесионално постапување на ОЈО Гевгелија.<br>3. Застапувани десет случаи за правно признавање на родот во различни фази на постапката пред Управа за водење на матични книги, Втростепена комисија и Управен суд.<br>4. Застапуван ЛГБТ активист кој е нападнат од полиција и обезбедена му е правна помош во полициска станица и кривична пријава до ОЈО.<br>5. Застапуван случај на дискриминација против Филозофски факултет, автор и рецензенти на учебник за високо образование во кој е содржана вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација, родов | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | идентитет и род.<br>6. Застапуван случај на дискриминација против угостителски објект во Прилеп за дискриминација на Роми врз основа на етничка припадност.<br>7. Застапуван случај на Ромки дискриминирани при добивање на гинеколошка услуга. Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената утврди повреда на правата, а во периодот на известување е побарано повторување на постапката пред Основен граѓански суд Скопје.<br>8. Застапуван случај на повреда на права на транс жена и жена која употребува дроги кои беа жртви на малтретирање од страна на полиција. Во кривична постапка судот го прогласи полицаецот за виновен, а жртвите ги упати во граѓанска постапка да го остваруваат своето право на надомест на штета. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.1. Застапување за спроведување на ново усвоениот Закон за спречување и заштита од дискриминација (во партнерство со МЗД); | 22 Април 2021<br><br><br><br>10-17.05.2021<br><br><br><br>11.06.2021<br><br><br>Мај – Јули 2021 | Одржан онлајн Промотивен настан за работата на МЗД и промоција на работата на новата Комисија за спречување и заштита од дискриминација.<br>Одржана 4 дневна обука за зајакнување на капацитетите на членовите на КСЗД за работа со МЗ. 5 комисионери – членови на Комисијата зедоа учество.<br>Одржана онлајн Промоција на Извештај за влијанието на КОВИД 19 вондредната состојба врз човековите права на МЗ<br>Започнати две истражувања: 1) Истражување за влијанието на дискриминацијата врз животот и благосостојбата на МЗ и 2) Истражување за спроведувањето на Законот за социјална заштита во делот на социјалните услуги за МЗ.<br>Започната изработка на 2 документи за јавни политики: 1) Транспаретност на плати и 2) Надлежностите на Инспекторат за труд кои произлегуваат од ЗСЗД<br>Формирани два тимови за застапување за: Транспаретност на плати – усогласување со Директива 6, и промена на судскиот деловник<br><br>На 28 Јули 2021 учествувавме на јавната расправа во Собранието за избор на нов член на Комисијата. Собраниската комисија не донесе | 95 % на реализирана програма на Мрежата за заштита од дискриминација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | одлука кој од апликантите ќе биде нов член. Од застапувањата беше споделено дека повторно се разговарало за партиски кадри на ДУИ, и до овој период на известување нема никаква новина околу свикување на нова седница за избор на член.<br>Во Април 2021 испратено писмо до кабинетот на Премиерот на Владата за да се направи притисок да овозможат услови за работа на Комисијата, простор и технички услови, како и персонал за да се креира секретаријат на КСЗД. | |
| 2.2. Застапување за усвојување на сеопфатна правна рамка за правно признавање на родот (ППР), односно за Закон за правно признавање на родот; | Мај - Август 2021 | Во Мај – Јуни 2021 изготвена брошура на македонски и албански јазик која ги содржи аргументите зошто е потребно донесување на Закон за правно признавање на родот. Аргументацијата, заедно со останати материјали изготвени од Коалицијата, се  испратени до сите (14) пратеници од ИППГ ЛГБТИ како начин за застапување за донесување на овој закон но и зајакнување на нивните капацититети со цел да можат соодветно да застапуваат за законот во собранието.<br>После неколку месечно чекање, Министерство за правда во Јуни 2021 го испрати Законот во Собранието. Законот беше изгласан на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Комисијата за Европски прашања, но потоа кога дојде на ред да се гласа на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, Законот беше стопиран и на комисиската расправа беше одлучено да се тргне таа точка од дневен ред. Од пратеници на мнозинство од ИППГ ЛГБТИ добивме информација дека им е потребно повеќе време за да се консолидираат со нивните коалициски партнери. На ова му претходеше и една средба за застапување, со Јован Митрески како претседател на пратеничка група СДСМ и претставничка на Амбасадата на САД, Евро Амбасадорот како и Британската Амбасадорка. После ова, добивме информација дека некој од опозициските пратеници сака да покрене амандман и да бара вметнување на критериум: Медицинска документација за транс лице да може да направи промена на лични документи. Имајќи го тоа во предвид, на 28 Јули организиравме настан во Собранието, со пратениците од ИППГ ЛГБТИ, каде што беше направена промоција на Извештај за ЛГБТИ права од страна на Civil rights defenders од Београд, а Драгана Дрндаревска од Коалиција и Игор Раиден од ТрансФорма имаа излагања за застапување за непотребноста од барање на медицинска документаицја за промена на лични документи и неопходноста од | Примероци од брошури, документ за аргументација против барање медицинска документација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | донесување на Законот. | |
| | Ноември 2021 | Во соработка со Совет на Европа, Интерпартиската парламентарна група за ЛГБТИ права во Собранието на РСМ и ERA LGBTI Association for Western Balkans and Turkey организиран јавен настан во Собранието на РСМ за застапување за итно донесување на Законот за правно признавање на родот како и презентирање на најновиот Извештај на Совет на Европа за РС Македонија во делот на состојбата со правното признавање на родот, авторка Наташа Бошкова. Свое излагање од Коалиција Маргини имаа Наташа Бошкова и Елена Петровска.<br>На 6 Декември одржан Состанок со пратеничката Соња Мираковска од партијата ГРОМ и Маја Морачанин од ДОМ. Средбата имаше за цел да се застапува да пратеничката како претседателка на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците при собранието го стави на дневен ред за гласање Предлог Законот за матична евиденција (ППР). | Извештај<br>Листи на учесници<br>Покана и агенда за настанот |
| 2.3. Застапување за | | Ирена Цветковиќ беше консултирана од МОН за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| воведување на измени во законите за образование, со воведување на недискриминаторски одредби за интеграција на принципите на еднаквост и ненасилство; | Април – Август 2021 | наставните програми изготвени според новата концепција. Таа приложи 4 предлози за подобрување и сите беа прифатени.<br><br>Потпишан нов Меморандум за соработка со МОН. МОН и Коалицијата МАРГИНИ ќе соработуваат во реализација на следите активности:<br><br>- Застапување за вклучување на механизми за унапредување на родовата еднаквост и заштита од дискриминација и насилство во националните образовни политики<br>- Застапување за родово чувствителни и недискриминаторски образовни (наставни) програми и материјали<br>- Градење на капацитети за претставници од државните институции во рамките на националниот образовен систем за спречување и заштита од родово-засновано насилство и дискриминација<br>- Други активности за кои страните заеднички ќе се договорат, а имаат за цел демократизација и унапредување на образованието, промовирање на еднаквоста, превенција и заштита од различни форми на насилство и малтретирање.<br><br>Креирани и доставени 17 амандмани за Предлог-законот за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование | <br><br><br>Меморандум со МОН |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 21.07.2021<br><br>30.06.2021 | Креирани 2 амандмани за промена на закон за Биро за развој на Образованието<br><br>Одржана една обука за новата ИППГ ЛГБТИ за предлог промените во областа на образованието и потребата од нив. Се застапуваше и зошто е потребна дигитализацијата на образованието и промените на законите од аспект на пристапот до образование, еднаквоста и недискриминацијата со фокус на МЗ.<br><br>Застапување со пратеници - Креиран one-pager со предлог амандманите за промена на закон за учебници и потребата од примени во образованието земајќи го во предвид најдобриот интерест на детето. Истото беше направено на горенаведената обука. На оваа обука зедоа учество 4 пратенички од СДСМ, 1 пратеничка од ЛДП, и една пратеничка од ВМРО ДПМНЕ.<br>Изведена координирана акција за мобилизација на останати организации за поддршка на новиот Предлог закон за учебници. 44 организации ја поддржаа активноста. Беше креирано и испратено заедничко Соопштение за јавноста до | Документи со амандмани<br><br>Листа на учесници, презентација<br><br>One pager<br><br>Соопштение за јавност Коалиција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Април – Август 2021 | медиумите.<br>Во периодот на известување, горенаведените закони за кои Коалицијата достави предлог измени и застапуваше за нивно брзо изгласување од страна на Парламентот, беа повлечени од ресорното министерство, без образложение и најава за нивно повторно доставување до Парламентот.<br><br>Потпишан Меморандум за соработка со Универзитетско студентско собрание при УКИМ. Соработката ќе вклучува: - Коалиција Маргини по покажан интерес се обврзува да вклучи учесници, волонтери и практиканти согласно годишната програма за активности на Коалиција Маргини по спроведен процес на регрутација од УСС УЮПЛ.<br>- Во соработка со студентите од УСС да помогне во подготовка на план за спроведување на едукативни сесии на теми поврзани со човекови права и заштита од дискриминација на маргинализирани заедници.<br>- Да ги подржи студентскиот правобранител на УКИМ и замениците студентски правобранители на факултетите единици на УКТЛ во случаи на дискриминација на студенти врз основа на припадност на маргинализирана заеднщи.<br>- Во соработка со студентскиот | МАРГИНИ \| Поддршка за учебници без дискриминација и знаења кои промовираат еднаквост и инклузивност (coalition.org.mk) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | правобранител на УКТЛ и замениците студентски правобранители на факултетите единици на УКИМ да извршат унапредување на прирачшжот за спречување дискриминација и зајакнување на капацитети за соочување со случаи на дискриминација.<br>- Да обезбеди дополнителни едукативни материјали за учениците и стручните служби.<br>- УСС УКИХ - се обврзува на соработка и почитување на следново:<br><br>УСС УКИМ се обврзува да регрутира студенти за настани и активности организирани и спроведени од страна на Коалиција Маргини со онлајн или физичко присуство.<br><br>Да овозможи простор за презентирање на истражувања и промоција на проекти кои се од значење за студентите.<br><br>Да се добие поддршка од членовите на УСС УКИМ за организирање на активностите.<br><br>Подготвена Анализа на на законската рамка во областа на образованието од аспект на спречување и заштита од дискриминација и насилство, со фокус на родово заснованото насилство и | Меморандум https://www.facebook.com/CoalitionMargins/posts/3753652528074837 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.4. Застапување за Декриминализација на | Октомври - Ноември 2021 | дискриминацијата заснована врз род, сексуална ориентација и родов идентитет. Авторка на Анализата е м-р Драгана Дрндаревска и истата е издадена во соработка со Фондацијата Kvinna Till Kvinna.<br><br>Организиран еднодневен онлајн настан за промоција на Анализата<br><br>Учество на панел дискусија за декриминализација на канабис за судии и обвинители<br><br>Членување во работна група при Влада, присуство на | Коалиција МАРГИНИ \| Анализа на законската рамка во областа на образованието од аспект на спречување и заштита од дискриминација и насилство, со фокус на родово заснованото насилство и дискриминацијата заснована врз род, сексуална ориентација и родов идентитет (coalition.org.mk)<br><br>https://www.facebook.com/CoalitionMargins/videos/960834244564544/ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| личната употреба на дроги;<br><br>2.5. Застапување за спроведување на Акцискиот план за спроведување на Истанбулската Конвенција; | Јуни 2021<br><br>Септември - декември 2021<br><br>Април – Август 2021 | 5 состаноци на работната група, подготовка на 1 компаративна анализа за модели на легализација и декриминализација; состаноци за застапување со претставници на МЗ и Влада за усвојување на модел на декриминализација. Организирање и учество на 1 трибина со судии и јавни обвинители за потребата од декриминализација.<br><br>Еден состанок со МЗ и средби со членките на работната група. На средбата со МЗ е зборувано за потенцијалната измена на одредбите на Законот за контрола на дроги и психотропни супстанции и активностите во рамки на поширокиот состав на работната група.<br><br>Учество во работна група за подготовка на измени на КЗ за усогласување со Истанбулска конвенција. Застапување со Министерство за правда и Министерство за внатрешни работи за измена на законот за прекршоците против јавен ред и мир, активности за усвојување на измени на законот за матична евиденција. Застапување за усвојување на правилници согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Членување и учество во Национално координативно тело за спроведување на Истанбулска Конвенција.<br>Застапување за усвојување на правилници согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство. Членување и учество во Национално координативно тело за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.6. Обезбедување на пристап до правда за МЗ, преку спроведување на иновативниот пакет на бесплатна правна и психо-социјална помош за 3 ГОи во три градови во РСМ. | Септември - Декември 2021<br><br>Април - Август 2021 | спроведување на Истанбулска Конвенција.<br><br>Обезбедена психолошка помош кај д-р Гајдазис<br><br>Обезбедени менторски сесии за 3 Граѓански организации | Учество и застапување во работата на НКТ (Национално координативно тело за спроведување на Истанбулска Конвенција)<br>- решенија и извештаи<br><br>17 индивидуални средби и 2 мислења<br><br>10 менторски сесии |
| 3.1. Иницирање и учество во ТВ дебати за МЗ; | Април – Август | Интервју Ирена Цветковиќ, Novatv<br><br>Изјава Драгана Дрндаревска, Канал 5 ТВ<br><br>Изјава Наташа Бошкова, портал Портрет | Интервју со Ирена Цветковиќ: Ние сме поголеми патриоти токму поради љубовта и грижата за луѓето - НОВА ТВ (novatv.mk)<br><br>Какви новини ќе донесе кривичното дело „демнење“? - Канал 5 (kanal5.com.mk)<br><br>НЕ треба да значи НЕ! – „Нетипичните“ жртви на силување во Македонија не можат да го пријават и да го докажат делото - Portret digital<br><br>ПИНА - [Интервју] Петровска: Парадата се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Декември 2021 | Изјава Елена Петровска<br><br>Изјава Славчо Димитров, Ирена Цветковиќ<br><br>Гостување Славчо Димитров, Топ Тема<br><br>Прес конференција, Елена Петровска<br><br>ТВ Дебата Ирена Цветковиќ со Сашо Тасев, емисија Само Вистина<br><br>Гостување, Драгана Дрндаревска, Утрински брифинг<br><br>Гостување, Елена Петровска, ТВ 24<br><br>Изјава Ирена Цветковиќ, портал Lokalno<br><br>Статија за РБН и Гевгелија ХАБ, Наташа Бошкова | одржува поради отпор кон опресијата која доаѓа од повеќе страни (pina.mk)<br><br>MJESEC GORDOSTI - Perspektiva.Plus<br><br>Facebook<br><br>Васил Гарванлиев ќе пее на отворањето на „Вон ѕидовите“ - Слободен печат (slobodenpecat.mk)<br><br>Facebook<br><br>Пандемија на површина ги извади системските проблеми во општеството поврзани со почитувањето на човековите права на маргинализираните групи – Slobodna TV<br><br>Утре парада на гордоста во Скопје (24.mk)<br><br>Цветковиќ: Книгите од кои учат нашите деца не заслужуваат да се наречат учебници - Локално (lokalno.mk)<br><br>СЕКСУАЛНИТЕ СОДРЖИНИ НА ДЕВОЈКИТЕ ОД „ГЕВГЕЛИЈАХАБ“ УШТЕ КРУЖАТ, ОБВИНИТЕЛСТВОТО ПОВЕЌЕ ОД ЕДНА ГОДИНА ЧЕКА ОД ФЕЈСБУК ДА МУ ГИ ДАДЕ АЈ-ПИ АДРЕСИТЕ - Сакам Да Кажам (sdk.mk) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ноември 2021 | Дискриминација врз основа на родов идентитет во високото образование, Наташа Бошкова Кајгана | https://kajgana.com/kolku-e-nechujna-transfobijata-vo-visokoto-obrazovanie |
| 3.2. Дневно следење на медиумите и прес-клипинг; | Јули – Август 2021 | Поднесена е 1 претставка до КСЗД за авторката на текстот „Простете геј другари, не е до хормоните, до логиката е!“ и порталите кои го објавиле misli.mk, temite.mk и tribuna.mk во соработка со Здружение на Млади правници. Колумната беше објавена на неколку електронски портали, Tribuna.mk, Misli.mk и Temite.mk и беше споделена на нивните Фејсбук-страници, на кои повеќе лица се надоврзаа со експлицитен говор на омраза. Во Август 2021 КСЗД донесува позитивно мислење и утврдува вознемирување во овој текст врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет. После одлуката, содржините беа повлечени од порталите каде беа објавени. | Претставка и добиено мислење<br><br>Коалиција МАРГИНИ \| ПОВЛЕЧЕН ТЕКСТОТ ЗА КОЈ БЕШЕ УТВРДЕНО ДЕКА Е ВОЗНЕМИРУВАЧКИ ВРЗ ОСНОВА НА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВ ИДЕНТИТЕТ, ОБЈАВЕНО И ИЗИВНИНУВАЊЕ НА ПОРТАЛИТЕ (coalition.org.mk) |
| 3.3. Средби со новинари и уредници на медиуми; | Ноември 2021 | На 1 Ноември учество на настан на Агенцијата за аудио аудио визуелни уметности и презентација на клучни резултати од анализата на медиумското покривање на темите поврзани со ЛГБТИ заедницата – Ирена Цветковиќ, и презентација „Медиумите и родово заснованото насилство - Потреби и насоки за професионално известување“ – Елена Петровска | |
| | Октомври – декември 2021 | Изработена: Анализа на медиумското покривање на темите поврзани со ЛГБТИ заедницата и родово заснованото насилство, авторки: Ирена Цветковиќ, Мања Величковска и Елена Гаговска. Снимено видео со помош на феминистичката платформа Медуза за промоција на клучни | ZA-WEB_MARGINI-IZVESTAJ-2021_165x235mm_V04.pdf (coalition.org.mk) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | резултати. | |
| 3.4. Стимулирање на истражувачки новинарски стории за кршење на човековите права на ЛГБТИ лицата; | Јуни 2021 | Една сторија е изработена од Види Вака за важноста од донесувањето на Законот за правно признавање на родот.<br>Една сторија беше изработена од емисијата 360 на Алсат за непостапувањето во случаите на говор на омраза и дела од омраза врз ЛГБТИ заедницата, изјава Наташа Бошкова.<br><br>Дополнително беа изработени уште 3 различни статии кои се однесуваа на здравствените проблеми на транс заедницата објавено на феминистичката платформа Медуза, трансофбијата и хомофобијата во високото образование – обавено во дигиталниот весник Кајгана, и штетите кои ги предизвикува анти-родовото движење за транс луѓето објавена во Слободен печат -дигитално издание. | Реализирани 2 истражувачки стории<br><br>Неуморна борба за признаен личен идентитет - ВидиВака (vidivaka.mk)<br><br>(ВИДЕО) Кога институциите промовираат толеранција, но на говорот на омраза (360stepeni.mk)<br><br>Здравствениот систем и проблемите на трансродовите лица – Медуза (meduza.mk)<br><br>Колку е нечујна трансфобијата во високото образование? \| Кајгана (kajgana.com)<br><br>Последиците од анти-родовите движења врз животите на трансродовите луѓе - Слободен печат (slobodenpecat.mk) |
| 3.5. Поднесување претставки против медиуми кои користат говор на омраза против МЗ; | Декември 2021 | Поднесена една претставка против Доказ.мк | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.6. Организирање на Skopje Pride Weekend 2021; | Јуни 2021 | Одржан Скопје прајд викенд 2021. Основната кураторска тема на овогодишното издание на Фестивалот беше **НАСТРАНО ЗАЕДНИЧКО: Политики на пријателство, љубов и афекти.** Со оваа тема целевме да ги поставиме во центарот на квир политичките, социјални и културни ориентации прашањата поврзани со мислењето, дистрибуцијата и втемелувањата на заедничкото и заедничките добра (the common/s). На заедничкото и заедничките добра им пристапивме преку критичко истражување на нормативните претпоставки за пријателство, љубовта и емоциите врамени во хегемонската хетеронормативност и машките политички имагинации, како и нивните импликации за нашите социо-политички хоризонти. Фестивалот, исто така, се стремеше да понуди и алтернативни форми на замислување, пракса и отелотворување на заедничкото и политиките на пријателство и љубов, тргнувајќи токму од структурната позиција на маргините, како и социо-културни и интимни практики и инфраструктури за грижа, поддршка и заедничарење во квир и феминистички заедници и мрежи. Овогодишниот фестивал го отворивме на 02 јуни, во 20:30ч во МСУ, со ретроспективна | 100% на реализација на програма на Скопје прајд викенд<br><br>Промотивни материјали, прес клипинг, видео материјали |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | изложба **ЗАСЛЕПЕН ОД ЉУБОВ** на ФРАНКО Б, еден од најзначајните современи перформанс и визуелни уметници во светот, а која беше поставена 3 месеци во МСУ. На отворањето имаше публика од 200 луѓе, а во текот на следните месеци изложбата ја видоа уште 600 и повеќе луѓе. На фестивалот беше претставен и најновиот перформанс на **Нао Бустаманте** (САД), легендарна латино уметница, чиишто дела опфаќаат перформанси, видео инсталација, кинематографија, скулптура и пишување, која  настапи заедно со **Маркус Куиланд Назарио (**САД). Перформансот во МСУ имаше публика од 200 луѓе. Настап имаше и танц триото **STEAM ROOM,** со пубика од 200 луѓе, како и колективот **СПИЗ!** Од Велика Британија, во соработка со македонската дрег кралица **Токио де Вил**, проследен од 180 луѓе во публика. Македонските уметници **Зорица Зафировска и Дарко Алексовски** се претставија со заедничка изложба во КСП ЈАДРО, која беше постена од 150 луѓе, и концерт имаше џез триото **Светлост**, со публика од 180 луѓе. Во рамки на фестивалот беше одржана затворена работилница со проф. Јелисавета Благојевиќ од Белград, која одржа и јавно предавање во Шортбас, посетено од 80тина луѓе. Јавно онлајн предавање одржа и ФРАНКО Б, достапно на youtube, прегледано околу 200 пати.  Целиот фестивал беше покриен медиумски со повеќе | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.7. Состаноци за застапување со директори и куратори од национални културни институции и музеи;<br><br>3.8. Реализирање предавања како дел од универзитетските наставни програми. | Април – Декември 2021<br><br>/ | од 60 медиумски објави, вклучително нови и онлајн медиуми, печатени медиуми, и електронски медиуми.<br><br>Во текот извествувачкиот период Коалиција МАРГИНИ, во соработка со Pobunjene čitateljke (Србија), БОНА Магазин (БиХ) и порталот ОКНО (Македонија) го реализираше проектот „INSIDE/OUT Онлајн емисија за книжевност за современата квир и феминистичка македонска литература, поддржан од READ и финансиран од Европската Унија. Проектот вклучи: студент(к) од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ, но и други факултети од регионот, кои гостуваа и модерираа 8 епизоди, менторска програма со 15 млади девојки на додипломски и постдипломски студии и продукција на 8 книжевни критики за современата македонска феминистичка и квир продукција. Учеството на студентите се оствари и благодарение на отворената соработка на професорки од Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиоте факултет. Половина од вкупниот број на епизоди и текстови се реализираше за време на овој извествувачки период.<br><br>N/A | -Продукција и објава на 8 видео-емисии;<br><br>-Објава на 8 книжевни критики на македонски и српски јазик на домашни и странски портали; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 4.1. Активно следење на повици за грантови и подготовка на апликации.<br><br>4.2. Годишна ревизија 2020 | Април – Август 2021 | USAID Civic Engagement Project in North Macedonia "Securing structured and holistic system of support for the LGBTI people, victims of domestic, gender based and violence on the basis of sexual orientation and/or gender identity during COVID 19 pandemic." Времетраење Април – Јули 2021. Буџет: 3420 долари. Партнер Хелсиншки Комитет за човекови права.<br><br>Responding to ant gender movement in North Macedonia, Kvinna till Kvinna. Времетраење: ---. Буџет: 6597 евра. Партнери: ХЕРА, ERA – LGBTI Association for Western Balkans and Turkey<br><br>Advocavcy Project for LGR in North Macedonia, Council of Europe. Времетраење: Август – Декември 2021. Буџет: 10.000 евра. Партнери: ТрансФормА, ERA – LGBTI Association for Western Balkans and Turkey, ЛГБТИ Центар за поддршка<br><br>ROMALITICO - Проект на УСАИД за инклузија на Ромите: „Со поголема разноликост до посилно ЛГБТИ движење", lead Коалиција Маргини, Буџет 5.000 УСД | Обезбеден буџет за психилошка помош за три месеци кај др. Гајдазис за ЛГБ и транс заедница. Релаизирани 3 обуки за сензибилизација и антидискриминација на персонал во Шелтер центар за заштита на жртви на насилство од ЛГБТИ заедницата – Сигурна куќа<br><br>Мобилизација на ЛГБТИ и организации кои работат на женски права за одговор на анти родовите движења. Креиран Стратешки и Акциски план за делување.<br><br>Обезбедени средства за зголемување на капацитетите на транс заедницата за застапување за Правно признавање на родот. Отпор против анти родовите движења, Кампања за донесување на ППР, состанови со Парламентарци за застапување за ППР.<br><br>Обезбедени средства за креирање на услови за поголема инклуизвност на ЛГБТИ Ромите во ЛГБТИ движењето преку активности со самата заедница и преку поттикнување на заедницата во застапување и јавно учество на настани. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Активности на ТрансформА | Ноември 2021 | Организиран е Trans Remembrance day со настан во Жена парк, креирани два инфографици и промовирани на фејсбук.<br><br>Обезбедено принтање на Извештај од истражување: Проценка на компатибилноста на постоечките здравствени и превентивни услуги со потребите на трансродовите лица во Северна Македонија во соработка со СТАР СТАР<br><br>Обезбедена дистрибуција на 5-7 пакети со храна за лица од транс заедницата.<br><br>Изработка на брошура: Често поставувани прашања за процесот на транзиција кај трансродовите лица. Брошурата е изработена во соработка со СТАР СТАР. Автори: Лила Милиќ и Предраг Јовановски. | Фотографии од настан<br><br>Инфографици<br><br>Извештај<br><br>broshura.indd (starsexwork.org) |

Перидичниот извештај треба да ги содржи одговорите на следниве прашања:

1. Доколку има отстапување во реализацијата на планираните активности или промена на лицата кои ги спроведуваат активностите, Ве молиме објаснете.

   Коалицијата во месеците на кои се однесува известувањето редовно ги водеше процесите од програмите за кои се застапува. Но, одредени активности како што се обуки за јавните институции се прекинати заради недостаток на средства а исто така не можеме да го реализираме акредитирањето на одредени програми за едукација на јавни службебици. Исто така, забележано е дека средствата за психолошка помош не се доволни и мораме да бараме други начини за надополнување на буџетот за оваа намена.

Во периодот за кој се известува од месец септември до крајот на месец декември генерално планираните активности се реализираа тековно, но процесите на застапување беа стопирани заради текот на локалните избори. Она кое што се забележува при организирање на било каков тип на избори е дека политичарите се недостапни за соработка, парламентот не работи и не заседава така што сите активности поврзани со застапување, лобирање и состаноци со политичари и пратеници беа одложени за после завршувањето на изборите, односно до почетокот на месец ноември 2021.

2. Дали се случија некои промени во контекстот во областа во која работите (донесени закони, политики, извештаи од национални или меѓународни институции, иницијативи и активности на други организации во областа, итн.) ?

   Активно работиме на Законот за родова еднаквост каде исклучително стручно се придонесува и се застапува за соодветна инклузивност во законското решение за транс лицата. Процесите во работните групи кај законите за мобинг и законот за работни односи одат исклучително бавно и не сосема транспарентно.

   Предлог новиот Закон за матична евиденција односно за правното признавање на родот влезе во собраниска процедура и во месец Јуни 2021 помина на Комисијата за Европски прашања. Но, потоа на Комисијата за политички систем и односи со заедниците беше тргнат од дневен ред. Образложението кое го добивме е дека на коалиционите партнери на владеачкото мнозинство им треба повеќе време за консултации.

   И во известувачкиот период не се работеше на Националниот акциски план за унапредување на ЛГБТИ правата.

   Според Извештајот на ИЛГА Европа, објавен на 17 Мај 2021, Северна Македонија заедно со Малта и Босна и Херцеговина има најголем скок на мапата (С. Македонија се помести за две места на скалата погоре). Тоа беше заради успешно организираниот Скопје прајд како и донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Она што го бележиме во новиот известувачки период е објавувањето и спроведувањето на новата образовна реформа во прво и четврто одделение, согласно т.н нова Концепција за основно образование од страна на Министерството за образование и наука. Оваа концепција има за план да воведе и дигитализација на образовниот процес и промена на наставни материјали и учебници, започнувајќи од прво и четврто одделние.

Во периодот Септември – Декември 2021, беше одржана средба со Министерката за труд и социјална работа јагода Шахпаска во однос на донесувањето на Националниот акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето. Со министерката беше застапувано за што поскоро донесување на овој план, пред да се направат најавените промени во владиниот кабинет, но за жал од Министерството повторно не го реализраа донесување на овој план на време и во овој известувачки период не бележиме напредок за ова.

Дали и кои промени во контекстот влијаеа врз вашата работа?

Влијание врз работата имаше политичкиот контекст. Собранието не заседаваше често и се најави организирање на локални избори, така што, целосниот фокус беше ставен на справување со кризата организирањето на локалните избори во услови на криза. Па така, одредени прашања кои се приоритетни за одредени маргинализирани групи беа целосно изоставени, а процесите на застапување стопирани. Секако, на контекстот влијае и спорот со Бугарија кој ги стопира ЕУ процесите и го големува евроскептицизмот.

Влијание врз работата имаше политичкиот контекст. Собранието не заседаваше и се организираа Локалните избори, така што, целосниот фокус беше ставен на справувањето со политичката криза која настана по нивното одржување. Па така, одредени прашања кои се приоритетни за одредени маргинализирани групи беа целосно изоставени, а процесите на застапување стопирани. Исто така, големо влијание врз нашата работа има појавата и делувањето на анти-родовото движење кое директно влијае на јавната свест и зголемувањето на отпорот од страна на јавноста кон нашите заложби и нашите цели. Она кое што на крајот на тековната 2021 година влијаеше на нашата работа е најавата за повторна десоросоидизација од страна на политичката партија Левица. Имено, служејќи се со лажни информации, советниците на Левица во Општина Карпош и во Оштина Аеродром објавија дека ја исфрлиле ХЕРА од програмите за работа и финансисрање на Општините, информирајќи ги граѓаните дека повеќе невладините организации нема да располагаат со средства на граѓаните и дека тој буџет ќе го менаџираат оштинските институции. На таков начин, Левица најави „борба“ и со другите оргранизации кои влегуваат во процесот на нивната осмислена десоросоидизација. Мрежата за заштита од дискриминација директно реагираше на овие лаги и најави преку свое соопштение. Со оглед на процесите кои Левица има намера и понатаму да ги внесува и да врши политичка хајка кон граѓанскиот сектор, Коалицијата во соработка со ФООМ и со

останатите организации се договорија дека во следната година стратешки ќе се постават и ќе преземат чекори во насока на оваа опасна тенденција.

3. Дали, според Вас, има унапредување или назадување во областа во која работите?

   Во периодот во кој известуваме (Април – Август 2021) забележуваме стагнација и уназадување во областтеи кои се стратешки важни за програмите за кои се застапува Коалицијата. Имено, во овој период од страна на Министерството за образование и наука повлечени се сите предложени закони во обласа на образованието од Собраниските процедури без подетални објаснувања за причините. Закконот за наставниците беше блокиран во Собранието со филибастеринг како и Законот за Бирото за развој на образованието. Најавените Локални избори 2021 го потврдија фактот дека нашите процеси на застапување ќе стагнираат што директно негативно влијае на целосно успорување на унапредувањето на правата на МЗ за кои се застапуваме. Во известувачкиот период бележиме уназадување во делот на правата на трансородовата заедница затоа што Предлог Законот за матична евиденција (правно признавање на родот) беше повлечен од дневен ред на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците со објаснување дека на коалициските партнери на СДСМ потребно им е дополнително време за одлучување за овој Закон. Нема никаков напредок во сузбивањето на говорот на омраза од страна на државните институции.

   Во известувачкиот период забележуваме подобрување на општиот контекст во поглед на унапредувањето на механизмите за заштита од дискриминација заради тоа што Комисија за спречување и заштита од дискриминација која работи исклучително про-активно и донесува мислења по претставки. Но, Комисијата работи се уште работи во нецелосен состав без еден член. Рокот за избор на нов член на Комисијата беше пробиен, а кога се организира јавната расправа за избор, беше очигледно дека повторно има тенденција да се избере партиски кадар, наместо кадар кој ги исполнува условите и е соодветен за позицијата. Јавната расправа беше одржана во месец Јули 2021 и собраниската Комисија не избра член, а до крајот на овој период на известување немаше повторно закажување на седницата.

   Во овој известувачки период продолжи со работа работната група за легализација на канабис, што не се смета за големо унапредување во обласа затоа што истата е фокусирана само на легализација на марихуаната за медицинска употреба, односно законоското решение е насочено кон приватниот сектор кој произведува медицински канабис и кој ќе врѓи извоз. Коалицијата се застапува за поинакови модели и легализација и депенализација на личната употреба, како и модели за легализација на други droги.

   Големо негативно влијание врз контекстот во кој работиме има појавата на структурираното и организирано анти родово движење. Ова движење, ја

користи новата Концепција за образование и дигитализцаијата за да спречи реформи во делот на воведување на родово сензитивно браозвание односно родовата еднаквост да биде една од клучните алки на новата реформа. Движењето зеде огромен замав и секојдневно работи на мобилизација на родителите против воведувањето на Сеопфатното сексуално образвоание, ширејќи морална паника преку дезинформации и лаги. Во исто време, директно и агресивно преку постојана кампања на социјалните и останатите традиционални медиуми атакуваат на ЛГБТИ лицата особено на транс лицата. Под притисок на ваквите групи на родители (групите на фб: Учебници и настава мора да има, Од нас за нас, Преземи одговорност и др.) повлечен беше новиод предлог Закон за учебници и други наставни материјали како и Законот за дигитализација на образованието.

Во понатамошниот период, од септември до декември 2021 година, во овој период на известување изаради: повлечените Закони во делот на образованието, потоа проблемите во однос на тековната работа на работните групи за Законот за работни односи и Законот за мобинг, неработењето на Собранието и не ставањето во фокус на правата на маргинализираните групи и недонесувањето на потребните барани промени од граѓанскиот сектор, бележиме уназадување во областа. Исто така, и во овој период Комисијата за спречување и заштита од дискриминација остана да работи во неполн состав без еден член. Понатаму, буџетот на Комисијата за 2022 година беше трикратно намален од страна на државата без можност за промена. Комисијата остана без буџет за да работи на превенцијата од дискриминаицја, да ја дисперзира својата работа, без буџет за материјално и техничко дообезбедување за обавување на скојдневната работа итн.

4. Дали и како вашата работа придонесе за унапредување или назадување во областа во која работите?

   Во оваа година Коалицијата заедно со Мрежата за заштита од дискриминација достави предлози за подобрување на работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како и учество во работни групи за неколку закони. Доста активно учествуваме во предлог законските решенија со своја експертиза и учество во работните групи за законите за родова еднаквост, законот за мобинг, законот за работни односи, во креирањето на Националниот акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, го реализиравме креирањето на нов Акциски план за работата на Интерпартиска парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето во Парламентот на РСМ. Бележиме успех во делот на образованието каде активно придонесовме за подобрување на предлог новите законски решенија за дигитализација на образованието, законот за наставници, законот за учебници, законот за Биро за развој на образованието од аспект на родовата еднаквост, недискриминацијата и ненасилството.

   Коалицијата и покрај тоа што во наведениот известувачки период немаше средства за реализирање на програмски активности, секако дека и понатаму

продолжи да работи активно на сите наведени области со активно застапување и придонес. Се потрудивме со одредени средства од други проекти да обезбедиме поддршка на активностите од институционалниот грант и да ја подобриме финансиската состојба на организацијата. Претставници на Коалицијата се членови во повеќе работни групи за изработка на нови предлог зкаонски решенија, а особено се даде придонес во поддршката на новата Концепција за основно образование како и застапувањето за Законот за правното признавање на родот. Исто така, огромна улога имавме и во мобилизирањето на пратеници за поактивно работење на Интерпартиската парламентарна група за унапредување на ЛГБТИ правата. Во соработка со регионални и меѓународни организации активно се вклучивме во едукацијата и мобилизирањето на останати граѓански организации за отпор и борба против штетните анти родови движења кои директно ги атакуваат организациите како Коалиција Маргини кои работат на ЛГБТИ прашања и прашања поврзани со транс заедницата. Бележиме успех во организирањето на Скопје Прајд Викенд фестивалот во време на пандемија како и успешното и безбедно релизирање на Скопје Прајд 2021 што има огромно влијание и значење за заеднциата но и за демократизирање на општеството во целина.

Во текот на годината за која се известува, продолжи работата и учеството во работните групи за Законот за родова еднаквост, Законот за работни односи, Кривичниот Закон, Законот за декриминализација на канабис итн. Покрај тоа, Коалицијата дава свои експертски мислења и на други документи како што се Стратегија за родова еднаквост, па понатаму во процесите на креирање и организирање на Стратегијата за недискриминација, активно придонесуваме и во координацијата на Мрежата за заштита од дискриминација преку која се делува на застапување и на различни други процеси кои се од суштинско значење за граѓанското општество. Активен придонес и координација имаме и во Националната мрежа против хомофобија и трансфобија така што делуваме со цел процесите да течат квалитетно и да ги држиме повисокот на агендата на исинтитцуиите со кои соработуваме и секако на политичарите.

5. Колкав беше вкупниот буџет на организацијата во 2021 година? Колкав дел од вкупниот буџет на организацијата беше покриен со договорт за донација од ФООМ? Кои беа другите донатори (доколку има)?

   Вкупен буџет на Коалиција Маргини за 2021 година изнесува 19.341.096 МКД. Од вкупниот буџет, 45% се обезбедени од страна на ФООМ. Други донатори со кои соработува Коалицијата се: Kvinna till Kvinna, EIDHR, EU, ILGA Europe, Влада на РСМ, ITF, HBS,Град Скопје,Министрество за Култура на РСМ, U.S. Embassy,Netherlands Embassy,ERA.

6. Дали (ако да- зошто) во 2021 година треба да правите измени во активностите, пристапот на работа, или инструментите кои ги користевте во 2020 година?

Коалицијата Маргини согласно своето искуство од оваа година, а поврзано со општата социо-политичка, економска и здравствена ситуација, и понатаму ќе креира активности кои ќе бидат во насока на заштита и унапредување на правата на маргинализраните заедници за кои се застапува, но и согласно работната програма на Владата во наредниот период. Во изминатиот период успешно сме се застапувале за многу прашања кои влегоа во работната програма на Владата, па согласно тоа ќе ги креираме и нашите активности. Воедно, поучени од оваа досегашното искуство со пандемијата која го наруши начинот на работа и одредени прироитети, со досегашното искуство ќе продолжиме со воспоставување на практики на активно делување преку различни облици согласно општата состојба во државата.

Контекстот, особено засилен со раст на поларизацијата како клучен ефект од засилувањето на десните и левите популистички стратегии, носи нови предизвици во функционирањето на граѓанското општество, а особено на организации како Маргини која се бави со маргинализирани групи. За таа цел, во текот на 2021 година тимот на Коалиција помина низ обуки за вештини за јавно говорење, креирање на нови наративи и дискурси и преврамување на клучните пораки кои Маргини ги застапува. Во оваа смисла, Маргини не ги менува активностите, ниту инструментите, туку пристапот на работа, односно начинот на застапување не само пред институциите на системот туку и општата јавност која искуството ни покажа дека мора со позасилено темпо да се еманципира.

7. Додатоци- Ве молиме, доставете ги во електронска или пишана форма сите извори за потврда на резултатите, продуктите и прес клипингот за за активностите реализирани во периодот кој е предмет на извештајот (копии од публикации, мониторинг извештаи, анализи, писма/препораки доставени до надлежни институции, виде-материлаи, фотиграфии, агенди од настани и листа на учесници, евалуации, и слично).